**20141424403**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ИНФОРМАТИЧКО ОПШТЕСТВО И АДМИНИСТРАЦИЈА**

Врз основа на член 76 став (21) од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14), министерот за информатичко општество и администрација, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕ НА ДИСЦИПЛИНСКАТА ПОСТАПКА ЗА ДИСЦИПЛИНСКИ ПРЕСТАП И ОБРАЗЕЦ ЗА ТАЈНО ГЛАСАЊЕ

Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот на водење на дисциплинската постапка за дисциплински престап и образецот за тајното гласање.

Член 2

(1) Дисциплинската постапка против административниот службеник се покренува по предлог на непосредно претпоставениот раководен административен службеник.

(2) По исклучок од став (1) на овој член, доколку административниот службеник нема непосредно претпоставен раководен административен службеник или доколку непосредно претпоставениот раководен административен службеник е отсутен подолго од три месеци од оправдани причини, предлогот за поведување на дисциплинска постапка го поднесува непосредно повисокиот раководен административен службеник, односно секретарот или раководното лице на институцијтата во која не се назначува секретар.

Член 3

Предлогот за покренување на дисциплинска постапка содржи:

- законски основ за давање на предлог за покренување на дисциплинската постапка;
- име и презиме на административниот службеник против кој се предлага покренување на дисциплинска постапка;
- опис на дисциплинскиот престап и неговиот законски основ, опис на околностите под кои тој е сторен, како и времето и местото на извршување на престапот;
- докази за постоење на престапот;
- датум и потпис.

Член 4

(1) Предлогот за покренување на дисциплинската постапка се доставува до секретарот, односно раководното лице на институцијата во која не се назначува секретар и до административниот службеник против кој е поведена дисциплинската постапка.

(2) Од страна на секретарот, односно раководното лице на институцијата во која не се назначува секретар се донесува решение за формирање на Комисија за водење на дисциплинска постапка за дисциплински престап (во натамошниот текст: дисциплинската комисија) најдоцна осум дена од денот на поднесувањето на предлогот за покренување на дисциплинска постапка.

(3)Решението од став (2) на овој член заедно со предлогот за покренување на дисциплинската постапка, се доставува до претседателот и члановите на дисциплинската комисија.

(4) Од страна на претседателот на дисциплинската комисија, од редот на членовите на комисијата се определува записничар.

(5) За дисциплинските престапи од член 73 точките 24), 25) и 26) од Законот за административни службеници, дициплинската комисија се формира најдоцна 48 часа од денот на поднесување на предлогот за покренување на дисциплинска постапка, решението за формирање и предлогот за покренување на дисциплинската постапка се доставува до претседателот и членовите на дисциплинската комисија најдоцна 48 часа од поднесување на предлогот.

(6)Административниот службеник може да биде застапуван во дисциплинската постапка, од лице кое тој ќе го овласти да го застапува.

Член 5

(1) Од страна на претседателот на дисциплинската комисија, се свикува седница на која се повикуваат членовите на дисциплинската комисија, административниот службеник против кој е поведена дисциплинска постапка и неговиот застапник доколку го има, сведоците, а по потреба и други лица.

(2) Подносителот на предлогот за покренување на дисциплинската постапка може да присуствува на седницата.

(3) За дисциплинските престапи од член 73 точките 24), 25) и 26) од Законот за административни службеници, поканата за присуство на седницата се доставува најдоцна 48 часа пред почетокот на седницата.

Член 6

(1) Поканата за расправа на седница содржи:

- име и презиме на лицето кое се повикува;
- времето и место на одржување на расправата;
- причината за повикување и
- својство во кое се повикува лицето во постапката.

(2) Поканата за расправа на седница се доставува лично на административниот службеник против кој е поведена дисциплинска постапка по правило во работните простории на институцијата во која административниот службеник работи, односно на адреса на живеалиштето, односно престојувалиштето доколку доставата не може да се изврши во работните простории.

Член 7

(1) Пред почетокот на расправата, претседателот на дисциплинската комисија утврдува дали се присутни сите повикани лица и го проверува нивниот идентитет.

(2) Расправата може да се одржи во отсуство на административниот службеник против кој е поведена дисциплинска постапка и неговиот застапник доколку уредно биле повикани, а отсуствуваат од неоправдани причини.

(3) Кога се исполнети условите за одржување на расправата, претседателот на дисциплинската комисија, го објавува предметот на постапката и ја отвара расправата.

(4) Претседателот на дисциплинската комисија им дава збор на:

- подносителот на предлогот за покренување на дисциплинската постапка, доколку присуствува на расправата;
- административниот службеник против кој е поведена дисциплинска постапка; доколку присуствува на расправата или неговиот застапник доколку го има;

- сведоците и другите учесници во постапката.

(5) Претседателот на дисциплинската комисија и членовите на дисциплинската комисија може да поставуваат прашања и да бараат објаснувања.

(6) Доколку административниот службеник против кој е поведена постапката лично или писмено не се произнесе по наводите во предлогот за покренување на дисциплинска постапка, дисциплинската комисија ќе ја спроведе дисциплинската постапка без неговото произнесување.

Член 8

(1) По изјаснувањето на административниот службеник против кој е поведена дисциплинска постапка, дисциплинската комисија пристапува кон изведување на предложените докази.

(2) На седницата ќе се изведат доказите и административниот службеник против кој е поведена дисциплинска постапка лично ќе се произнесе по наводите во предлогот за покренување на дисциплинска постапка, а доколку од оправдани причини не може да присуствува на седницата писмено ќе се произнесе и ќе приложи документација, односно докази со кои ќе го оправда отсуството.

(3) Доказите се изведуваат со читање писмени извештаи, информации, изјави и други исправи или со сослушување на сведоците, а кога е тоа потребно се одредува и вештачење. На расправата можат да се изнесат и дополнителни докази.

(4) Претседателот, членовите на дисциплинската комисија, подносителот на предлогот, административниот службеник против кој е поведена дисциплинска постапка како и неговиот застапник може да поставуваат прашања до сведоците и другите лица.

Член 9

(1) По изведување на сите предложени докази и утврдување на фактите, претседателот на дисциплинската комисија ги повикува, редоследно, подносителот на предлогот за покренување на дисциплинската постапка доколку е присутен на расправата, административниот службеник против кој е поведена дисциплинската постапка и неговиот застапник доколку го има, да се обратат на дисциплинската комисија со завршни зборови, со кои се резимираат правните и фактичките аспекти на предметот, а потоа објавува дека расправата е завршена.

(2) Расправата, по правило завршува во истиот ден кога е и започната.

Член 10

(1) Постапката се прекинува, кога претседателот, членовите на дисциплинската комисија, односно нивните заменици од оправдани причини не можат да присуствуваат на седницата, за што треба да приложат документација, односно докази или кога дисциплинската комисија ќе одлучи да решава за некое претходно прашање или ќе побара од надлежен орган да и достави веродостојни исправи и информации, за чие изготвување е потребно подолго време.

(2) За прекинот и продолжувањето на постапката се донесува посебно решение против кое не е дозволена жалба.

(3) Кога има прекин на постапката престануваат да течат сите рокови определени за вршење на дејствијата во дисциплинската постапка.

(4) За време на траењето на прекинот на постапката, дисциплинската комисија не може да превзема никакви дејствија во постапката, освен ако прекинот настанал по

заклучувањето на главната расправа, во кој случај дисциплинската комисија може, врз основа на таа расправа, да предложи изрекување на дисциплинска мерка.

(5) Дејствијата што ги презеле учесниците во постапката додека трае прекинот на постапката немаат никакво правно дејство. Нивното дејство почнува откако постапката ќе продолжи.

(6) Постапката што е прекината од причините во ставот (1) на овој член продолжува кога ќе престанат причините за прекинот.

(7) Роковите што поради прекинот на постапката престанале да течат, почнуваат да течат одново од денот кога дисциплинската комисија ќе донесе решение за продолжување на постапката.

Член 11

(1) За дејствијата преземени на расправата, записничарот води записник.

(2) Записникот содржи податоци за: составот на дисциплинската комисија, записничарот, местото и времето на одржувањето на расправата, подносителот на предлогот за покренување на дисциплинска постапка, административниот службеник против кој е поведена дисциплинската постапка и неговиот застапник, доколку го има, законскиот основ за дисциплинскиот престап, битната содржина на исказите на административниот службеник против кој е поведена дисциплинската постапкати, сведоците и другите лица доколку се повикани и доказите кои се изведени.

(3) Записникот го потпишуваат сите учесници во расправата.

(4) Ако подносителот на предлогот за покренување дисциплинска постапка или административниот службеник против кој е поведена дисциплинска постапка, односно неговиот застапник одбијат да го потпишат записникот, се внесуваат причините за одбивањето.

(5) Примерок од записникот му се предава на подносителот на предлогот за поведување на дисциплинската постапка и на административниот службеник против кој е поведена дисциплинска постапка, односно неговиот застапник.

Член 12

(1) По завршување на расправата, дисциплинската комисија пристапува кон тајно гласање за дисциплинската одговорност на административниот службеник против кој е поведена дисциплинската постапка, со заокружување на редниот број пред текстот во однос на тоа дали административниот службеник е одговорен или не е одговорен за дисциплинскиот престап за што членовите на дисциплинската комисија го пополнуваат делот ДП-1 од образецот за тајно гласање.

(2) Ако дисциплинската комисија утврди дека административниот службеник против кој е поведена дисциплинската постапка е одговорен за дисциплинскиот престап се пристапува кон тајно гласање за видот на дисциплинската мерка која треба да се изрече, со заокружување на редниот број пред текстот во однос на конкретната дисциплинска мерка, за што членовите на комисијата го пополнуваат делот ДП-2 од образецот за тајното гласање.

(3) За резултатите од тајното гласање од ставовите (1) и (2) на овој член, записничарот на дисциплинската комисија составува посебен записник кој содржи податоци за: составот на дисциплинската комисија, записничарот, местото и времето на одржувањето на тајното гласање, резултатите од тајното гласање и предлогот на дисциплинската комисија врз основа на добиените резултати од гласање на обрасците.

(4) Записникот за тајното гласање го потпишуваат сите членови на дисциплинската комисија.

(5) Образецот за тајно гласање е даден во прилог и е составен дел од овој правилник.

Член 13

(1) Ако дисциплинската комисија утврди дека административниот службеник против кој е поведена дисциплинска постапка е одговорен, му доставува на секретарот, односно раководното лице на институцијата во која не се назначува секретар, образложен предлог за отфрлање на предлогот за покренување на дисциплинска постапка, односно за запирање на дисциплинската постапка.

(2) Ако дисциплинската комисија утврди дека административниот службеник против кој е поведена дисциплинска постапка е одговорен, на секретарот односно раководното лице на институцијата во која не се назначува секретар, му предлага изрекување на дисциплинска мерка.

(3) Предлогот од ставот (2) на овој член содржи:

- вовед, во кој се наведува: составот на дисциплинската комисија, подносителот и бројот на предлогот и законскиот основ за давање на предлог за изрекување на дисциплинска мерка;

- изрека, во која се наведува предлогот за изречената дисциплинска мерка;

- образложение, во кое се наведува краткиот опис на престапот за кој административниот службеник против кој е поведена дисциплинската постапка е одговорен со наведување на законскиот основ, кои факти и кои докази се утврдени, оценката на изведените докази и околности кои се земени во предвид при предлагањето на мерката и

- деловоден број и потпис на претседателот и членовите на дисциплинската комисија.

Член 14

(1) Решението за изрекување дисциплинска мерка содржи:

- вовед, во кој се наведува кој го донел решението, по повод чија одговорност и во врска со чиј предлог, деловодниот број и датум на предлогот за изрекување на дисциплинска мерка, како и законскиот основ за изрекување на предложената дисциплинска мерка;

- изрека во која се внесува видот на изречената дисциплинска мерка, како и времетраењето на дисциплинската мерка, а доколку како дисциплинска мерка биде изречена парична казна и од кога решението ќе произведе правни последици;

- образложение, во кое се наведува краткиот опис на повредата за која административниот службеник против кој е поведена дисциплинската постапка е одговорен со наведување на законскиот основ, кои факти и кои докази се утврдени, оценката на изведените докази и околности кои се земени во предвид при изрекување на мерката;

- доколку од страна на секретарот, односно раководното лице на институцијата во која не се назначува секретар, е изречена мерка различна од онаа која е предложена од дисциплинската комисија, образложението особено треба да ги содржи причините поради кои се изрекува мерка различна од предложената и

- упатство за правно средство.

(2) При водење на една дисциплинска постапка на административниот службеник против кој е поведена дисциплинска постапка не може да му се изречат повеќе дисциплински мерки.

(3) Ако во извршените дејствија на административниот службеникот против кој е поведена дисциплинска постапка има битија од повеќе дисциплински престапи, се цени тежината на сите дејствија заедно и се предлага една дисциплинска мерка која е предвидена со Законот за административни службеници.

Член 15

Со денот на отпочнувањето на примената на овој правилник, престанува да важи Правилникот за начинот на водењето на дисциплинската постапка за утврдување на дисциплински престап („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/11).

Член 16

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе отпочне да се применува со денот на отпочнувањето на примената на Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14).

Бр. 14/2-2766/13
16 септември 2014 година
Скопје

Министер,
м-р **Иво Ивановски**, с.р.

ПРИЛОГ

# О Б Р А З Е Ц

## ЗА ТАЈНО ГЛАСАЊЕ НА КОМИСИЈАТА ЗА ВОДЕЊЕ НА ДИСЦИПЛИНСКА ПОСТАПКА ЗА ДИСЦИПЛИНСКИ ПРЕСТАП

ДП-1

Согласно поднесениот Предлог за покренување на дисциплинска постапка за дисциплински престап, број __________ од ______ година за сторен дисциплински престап од член 73 точка ____ од Законот за административни службеници, а врз основа на одржаната расправа одржана на___________ година и изведените докази, административниот службеник ___________________________, вработен во ____________________, распореден на работно место ____________________________________________________________________________ ________:

1. Сторил дисциплински престап по член 73 точка ___ од Законот за административни службеници.
2. Не сторил дисциплински престап по член 73 точка ___ од Законот за административни службеници.

ДП-2

Согласно резултатите од тајното гласање на Комисијата за водење на дисциплинска постапка за дисциплински престап со кое е утврдено дека административниот службеник____________________, е одговорен за сторен дисциплински престап од член 73 точка ____ од Законот за административни службеници, предлагам на истиот да му се изрече дисциплинска мерка:

1. Парична казна во висина од 30% од висината на едномесечниот износ на нето платата исплатена во последниот месец пред дисциплинскиот престап;
2. Распоредување на работно место во непосредно пониско место;
3. Престанок на работниот однос.